РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNËS SË STRUGËS

ПЛОШТАД "МАЈКА ТЕРЕЗА" Б.Б., 6330 СТРУГА / SHESHI "NËNË TEREZA" P.N. 6330 STRUGË / Тел./Tel. +389 46 781 335, 781 223, 782 015, Факс/Faks 781 434
web: struga.gov.mk,
e-mail: kryetari@struga.gov.mk,
info@struga.gov.mk

ПРЕДЛОГ
PROPOZIM

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/02) и член член 88 став 2 од Статутот на општина Струга („Службен гласник на општина Струга" бр.2/18, 10/19, 22/19, 11/20, 12/22 и 14/22), Советот на Општина Струга на ___-та седница одржана на _____.2024 година, донесе

О Д Л У К А

за прифаќање на информација на Секторот за јавни дејности на општина Струга, Одделение за образование и култура во врска со идните развојни планови и стратегии, како и просторните потреби на СОУ „Нико Нестор", Општина Струга

Член 1

Со оваа Одлука се прифаќа информацијата доставена од Секторот за јавни дејности на општина Струга, Одделение за образование и култура во врска со идните развојни планови и стратегии, како и просторните потреби на СОУ „Нико Нестор", општина Струга, согласно која не се предвидува проширувањена капацитетите на постојното средно училиште.

Член 2

Со оваа Одлука се прифаќа информацијата доставена од Секторот за јавни дејности на општина Струга, Одделение за образование и култура во врска со идните развојни планови и стратегии, како и просторните потреби на СОУ „Нико Нестор", општина Струга, согласно која не се предвидуваат средства за експропријација на земјиштето на КП бр.158, КО Струга во приватна сопственост за потребите на дооформување на градежна парцела ГП 1.60 од ДУП во УЕ 2, дел од блок 8, Општина Струга, Одлука бр.07-1202/20 од 24.04.2012 година и се бара да се ослободи идниот развој на предметната градежна парцела од потребата од дооформување на истата со земјиште во приватна сопственост.

Член 3

Се задолжуваат Градоначалникот на Општина Струга и Сектор за урбанизам, комунални дејности, сообраќај и заштита на животната средина да ја

Në bazë të nenit 22 paragrafi 1 pika 1 dhe nenin 36 paragrafi 1 pika 15 të Ligjit për vetëqeverisje lokale ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 5/02) dhe neni 88 paragrafi 2 i Statutit të Komunës së Strugës ("Informatori zyrtar i Komunës së Strugës" nr.2/18, 10/19, 22/19, 11/20, 22/12 dhe 14/22), Këshilli i Komunës së Strugës në mbledhjen e ___ të mbajtur më _____.2024, solli

V E N D I M

për pranimin e informatave nga Sektori për Veprimtari Publike të Komunës së Strugës,Njësia e Arsimit dhe Kulturës në lidhje me planet dhe strategjitë zhvillimore të ardhshme, si dhe nevojat hapësinore të SHMK "Niko Nestor", Komuna e Strugës

Neni 1

Me këtë Vendim pranohen informacionet e dhëna nga Sektori për Veprimtari Publike të Komunës së Strugës, Njësia e Arsimit dhe Kulturës lidhur me planet dhe strategjitë zhvillimore të ardhshme, si dhe nevojat hapësinore të SHMK "Niko Nestor", Komuna e Strugës, sipas të cilave nuk parashikohet zgjerimi i ambienteve të shkollës së mesme ekzistuese.

Neni 2

Me këtë Vendim pranohen informacionet e dhëna nga Sektori për Veprimtari Publike të Komunës së Strugës, Njësia e Arsimit dhe Kulturës lidhur me planet dhe strategjitë zhvillimore të ardhshme, si dhe nevojat hapësinore të SHMK "Niko Nestor", Komuna e Strugës, sipas të cilave nuk janë paraparë mjete për shpronësimin e tokës së PK nr.158, KK Strugë në pronësi private për nevojat e riregjistrimit të parcelës ndërtimore GP 1.60 nga PDU në. NJU 2, pjesë e bllokut 8, Komuna e Strugës, Vendimi Nr.07-1202/20 e datës 24.04.2012 dhe kërkohet që zhvillimi i ardhshëm i parcelës ndërtimore në fjalë të lirohet nga nevoja e rindërtimit të saj me tokë në pronësi private.

Neni 3

Obligohet Kryetari i Komunës së Strugës dhe Sektori për Urbanizëm, Veprimtari Komunale, Komunikacion dhe Mbrojtje të Mjedisit që ta zbatojnë

применуваат оваа Одлука во постапките за изработка на урбанистички планови, кои го засегаат идниот развој на градежната парцела на СОУ „Нико Нестор", општина Струга, во функција на задоволување на одредбите утврдени во член 97 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 32/20, 111/23 и 171/24).

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Струга".

këtë Vendim në procedurat për hartimin e planeve urbanistike, të cilat ndikojnë në zhvillimin e ardhshëm të parcelës ndërtimore të SHMK"Niko Nestor", komuna e Strugës, me qëllim të përmbushjes së dispozitave të nenit 97 të Rregullores së Urbanistikës (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 32/20). 111/23 dhe 171/24).

Neni 4

Ky vendim hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e publikimit në "Informatorin Zyrtar të Komunës së Strugës".

СОВЕТ НА ОПШТИНА СТРУГА
Претседател,
Арбереша Влаши

KËSHILLI I KOMUNËS SË STRUGËS
Kryetar,
Arbëresha Vlashi

м.п. / v.v.

Образложение
на Предлог – Одлуката за прифаќање на информаија на Секторот за јавни дејности на општина Струга, Одделение за образование и култура во врска со идните развојни планови и стратегии, како и просторните потреби на СОУ „Нико Нестор", Општина Струга

Со оваа Одлука се предлага прифаќање на информацијата од Секторот за јавни дејности на општина Струга, Одделение за образование и култура во врска со идните развојни планови и стратегии, како и просторните потреби на СОУ „Нико Нестор", општина Струга, согласно која не се предвидува проширување на капацитетите на постојното средно училиште и прифаќање на барањето да се ослободи идниот развој на предметната градежна парцела од потребата за дооформување на истата со земјиште на КП бр.158, КО Струга кое е во приватана сопственост.

Во доставената информација од СОУ „Нико Нестор", општина Струга, се наведува дека тенденцијата за упис на ученици во ова средно училиште е значително намалена, што е директна последица на демографските трендови на територијата на општина Струга, а евидентни и од Пописот на население од 2021 година. Соодветно на тоа, раководството на СОУ „Нико Нестор", општина Струга не предвидува проширување на капацитетите на постојното средно училиште.

Дополнително, за потребите на идни реконструкции на постојните градби и инфраструктурни инсталации во рамките на

Arsyetimi
i Propozimit - Vendimi për pranimin e informatave nga Sektori për Veprimtari Publike të Komunës së Strugës, Drejtoria e Arsimit dhe Kulturës lidhur me planet dhe strategjitë zhvillimore të ardhshme, si dhe nevojat hapësinore të SHMK "Niko Nestor", Komuna e Strugës

Me këtë Vendim, propozohet të pranohen informatat nga Sektori për Veprimtari Publike të Komunës së Strugës, Drejtoria e Arsimit dhe Kulturës lidhur me planet dhe strategjitë zhvillimore të ardhshme, si dhe nevojat hapësinore të SHMK "Niko Nestor", Komuna e Strugës,sipas të cilit nuk parashikohet zgjerimi i objekteve të shkollës së mesme ekzistuese dhe pranimi i kërkesës për lirimin e zhvillimit të ardhshëm të parcelës në fjalë nga nevoja për renovim të saj me truallin e PK nr.158, KK Struga e cila është në pronësi private.

Në informacionin e dhënë nga SHMK "Niko Nestor", komuna e Strugës, thuhet se tendenca për regjistrimin e nxënësve në këtë shkollë të mesme ka rënë dukshëm, që është pasojë e drejtpërdrejtë e trendeve demografike në territorin e komunës së Strugës dhe gjithashtu evidente nga Regjistrimi i Popullsisë i vitit 2021. Prandaj, menaxhmenti i SHMK "Niko Nestor", Komuna e Strugës nuk parasheh zgjerimin e kapaciteteve të shkollës së mesme ekzistuese.

Gjithashtu, për nevojat e rikonstruksioneve të ardhshme të objekteve ekzistuese dhe instalimeve infrastrukturore në lokalitetin SHMK"Niko Nestor",

локалитетот на СОУ „Нико Нестор", општина Струга, неопходно е да се заокружи процесот на дооформување на градежната парцела, а согласно Законот за градежно земјиште, за што утврдено е дека ниту СОУ „Нико Нестор" ниту Општина Струга не располагаат со финансии за дооформување на истата со земјиште на КП бр.158, КО Струга кое е во приватана сопственост, согласно планските решенија утврдени во важечкиот ДУП во УЕ 2, дел од блок 8, Општина Струга, Одлука бр 07-1202 од 24.04.2012 година, неопходно е ослободување на градежната парцела на училиштето од ваков товар, при разработка на идните плански решенија. Ова образложение се дава да послужи при идниот просторен развој на локалитетот, а во функција на задоволување на одредбите утврдени во член 97 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 32/20, 111/23 и 171/24).

komuna e Strugës, është e nevojshme që të përfundojë procesi i finalizimit të parcelës ndërtimore, dhe në përputhje me Ligjin për tokë ndërtimore, e cila konstatohet se as SHMK "Niko Nestor" dhe as Komuna e Strugës nuk kanë mjete për ta kompletuar me tokën e PK nr 158,KK Strugë e cila është në pronësi private sipas vendimeve planifikuese të përcaktuara në PDU të vlefshëm në NJU 2 pjesë e bllokut 8 Komuna StrugëS,Vendimi nr.07-1202 e datës 24.04.2012 është e nevojshme lirimi i parcelës ndërtimore të shkollës. nga kjo barrë, gjatë zhvillimit të zgjidhjeve të planifikimit të ardhshëm. Ky arsyetim është dhënë për të shërbyer në zhvillimin e ardhshëm hapësinor të lokalitetit, në mënyrë që të përmbushen dispozitat e përcaktuara në nenin 97 të Rregullores së planifikimnit Urban (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 32/20, 111/23 dhe 171/24).

ОПШТИНА СТРУГА
Градоначалник,
Д-р Рамис Мерко

KOMUNA E STRUGËS
Kryetar i komunës,
Dr. Ramis Merko

М.П. / V.V.